**РЕФЕРАТ**
**За избор на наставник на Правен факултет – Кичево во наставно – научната област Социјална патологија (51123)**

Наставно – научниот совет на Правен факултет – Кичево, при Универзитетот „Св. Климент Охридски“ – Битола, по претходно распишан конкурс за избор на еден наставник во сите наставно – научни звања на научната област Социјална патологија (51123), објавен во дневниот весник „Нова Македонија“ и дневниот весник „Лајм“, од 02.09.2016 година, на седницата одржана на ден 05.10.2016 година со Одлука број 02-449/5 формираше Рецензентска комисија во состав:, Ред. Проф. д-р Пере Аслимоски – претседател; Ред. Проф. д-р Али Пајазити - член и Вон. Проф. д-р Арсе Петрески – член. Комисијата констатира дека на распишаниот конкурс се пријави единствено кандидатот Доцент д-р Александар Јованоски. По разгледувањето на пристигнатите материјали по распишаниот и објавен конкурс, согласно член 125 и член 133 од Законот за високото образование и член 42, 43, 44 и 45 од Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно - научни, наставни, научни, наставно - стручни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Климент Охридски“ - Битола, Рецензентската комисија со задоволство на Наставно – научниот совет на Правен факултет – Кичево му го поднесува следниот

ИЗВЕШТАЈ

# I. Биографски податоци и работно искуство на кандидатот д-р Александар Јованоски

Д-р Александар Јованоски е роден на 22.06.1978 година во Скопје, Република Македонија. Основно образование завршил во основното училиште “Андреја Савески - Ќиќиш” во Тетово. Текот на понатамошното негово образование и академска кариера ја следи следнава линија:

**1993 – 1997**

Завршува Гимназија „Кирил Пејчиновиќ” – Тетово. Каде главни предмети му се: Историја, Македонски јазик и литература, Филозофија, Социологија, Латински јазик, Англиски јазик и др.

**1997 – 2001**

На Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” – Филозофски Факултет – Скопје, Институт за Социологија, ги завршил 4-годишните студии со изработка на *Дипломска работа* од областа на Социологијата на политика со наслов:

ПОЛИТИЧКАТА ПАРТИЦИПАЦИЈА И УЧЕСТВО ВО ГРАЃАНСКО-СОДРУЖНИЧКИТЕ АКТИВНОСТИ НА МЛАДИТЕ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**2001 – 2002**

**Демонстратор** на Филозофскиот Факултет – Скопје по предметот ПОЛИТИЧКИ СИСТЕМ НА РМ СО ОСНОВИ НА ЧОВЕКОВИ ПРАВА.

**2002 – 2005**

На Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" – Филозофски Факултет: Институт за Социологија ги завршува последипломските студии, (просек 9,81) со одбрана на *Магистерска теза* во областа на Социологијата на политиката со наслов:

**ГРАЃАНСТВЕНОСТА ВО ПЛУРАЛНИТЕ ОПШТЕСТВА: НОРМАТИВНА АНГЛО-АМЕРИКАНСКА ОПШТЕСТВЕНА ТЕОРИЈА И ПРАВНО-ПОЛИТИЧКИ ИСКУСТВА.**

**2006 - 2007**

Во периодот на летниот семестар (Март – Мај) од академската 2006-2007 год., во рамките на студиите за политички науки на Правниот Факултет „Јустинијан Први" – Скопје во својство на предавач има одржано 5 предавања на студентите од втора и четврта година по предметите СОВРЕМЕНИ ПОЛИТИЧКИ ТЕОРИИ и ПОЛИТИЧКА ФИЛОЗОФИЈА

Исто така во периодот на зимскиот семестар од академската 2006 – 2007 год., со својство на **ангажиран стручњак од пракса** има одржано неколку предавања по предметот СОВРЕМЕНИ ПОЛИТИЧКИ ТЕОРИИ на студентите од втора година на Правниот Факултет „Јустинијан Први" – Скопје.

**2007-2008**

Во периодот на зимскиот семестар од академската 2007 – 2008 год., со својство на **ангажиран стручњак од пракса** има одржано неколку предавања по предметот СОВРЕМЕНИ ПОЛИТИЧКИ ТЕОРИИ на студентите од втора година на Правниот Факултет „Јустинијан Први" – Скопје. На истиот факултет, во рамките на интердисциплинарните студии за новинарство, во летниот семестар ги реализирал вежбите на предметот ИНТЕРКУЛТУРНА КОМУНИКАЦИЈА И МЕДИУМИ.

**2008-2009**

Избран за **асистент** по СОЦИОЛОШКИ НАУКИ на Универзитетот Св. Климент Охридски – Битола на Правен Факултет – Кичево. Од следната академска **2009-2010** година, на истиот факултет покрај по социолошките науки, ги изведува и вежбите по предметот РЕТОРИКА И ПРАВО**.**

**2010 - 2011**

Освен по социолошките предмети, со почетокот на петтиот семестар, избран за асистент и по предметот ФИЛОЗОФИЈА НА ПРАВОТО. Во шестиот семестар е определен за изведување на вежбите по предметот СОЦИЈАЛНА ПАТОЛОГИЈА.

**2010 -** до денес  Член на Издавачкиот совет на ***Социолошка ревија*** – Списание на здружението на социолозите на Република Македонија и на Институтот за социологија при Филозофскиот Факултет – Скопје. ISSN–1409-553  УДК –316.

**2011** (02.12.2011)

Одбранета Докторска дисертација на Институтот за Социологија во рамките на Филозофскиот Факултет (УКИМ – Скопје). Тема од областа на социологијата на политиката:

**ТЕОРИЈА ЗА ДЕЛИБЕРАТИВНАТА ДЕМОКРАТИЈА: ИНТЕГРИРАЊЕ НА СОЦИОЛОГИЈАТА НА ПОЛИТИКА И ПОЛИТОЛОГИЈАТА ВО СОВРЕМЕНАТА СОЦИЈАЛНА НАУКА.**

(апстрактот на дисертацијата е достапен на интернет страната на Меѓународната социолошка организација ISA: www.isa-sociology.org/abstracts-dissertations/view-abstract.php?tl=180)

**2012** (17.02. 2012)

Избран за ***Доцент*** по предметите **СОЦИОЛОГИЈА НА ПРАВО** и **СОЦИЈАЛНА ПАТОЛОГИЈА** на Правниот Факултет – Кичево.

**2014**

Избран за предавач по предметот ***СОЦИОЛОГИЈА НА ПОЛИТИКАТА*** како предмет од поширокото општествено подрачје на последипломските студии по ***Меѓународно право*** на Правниот Факултет – Кичево**.**

**2016**

Избран за рецензент на трудови во списанието YOUNG – Nordic Journal of Youth Research, издавач SAGE PUBLICATIONS United Kingdom – списание со THOMPSON REUTERS IMPACT FACTOR: 0.977 **Ranked:** 39 out of 93 in Social Sciences, Interdisciplinary, 67 out of 142 in Sociology.

Кандидатот Д-р Александар Јованоски во овој период исто така бил, и е член на неколку стручни здруженија и претплатник на неколку научни списанија од областа на социологијата:

2014 - 2017 член (индивидуален) на ***Меѓународната социолошка организација*** ISA (International Sociological Association)

2014 – 2017 член на ***Истражувачкиот комитет на Меѓународната социолошка организација*** за ***Социологија на политика*** (Research Comity *POLITICAL SOCIOLOGY* under ISA)

2014 – 2017 претплата на списанието ***Современа Социологија*** / Current Sociology (journal subscription)

2014 – 2017 претплата на списанието ***Меѓународна социологија*** / International Sociology (journal subscription)

2014 – 2019 член на македонскиот истражувачки тим во меѓународното лонгитудинално истражување ***Европско истражување на вредности*** (European Values Study) –главен координатор Универзитетот Тилбург во Тилбург (Холандија).

## II. Учество на проекти/конференции/семинари/работилници

Кандидатот Д-р Александар Јованоски во последните пет години бил учесник на неколку конференции и бил дел од научно-истражувачки проекти:

2014 - 21.06 - 23.06. ***KNOWLEDGE – CAPITAL OF THE FUTURE***, $2^{nd}$ International Scientific Conference, Ohrid, Republic of Macedonia

2013 - 26.11 – 27.11. ***Mlade žene i rodna ramnopravnost u postjugoslavenskim društvima: iztraživanja, prakse I politike*** (MEĐUNARODNA ZNANSTVENA KONFERENCIJA) Zagreb, Republika Hrvatska

2013. – 13.09 - 15.09. ***European Value Study,*** Workshop in Bar, Montenegro

2010 – 2011 Во својство на *млад истражувач* ангажиран во Научно истражувачкиот проект „***Истражување на европски вредности во Република Македонија***" . Овој проект е финансиран од Министерството за образование и наука на РМ, врз основа на решение бр. 13-3568/1 од 27.07.2010.

## III. Објавени книги и трудови во научни списанија.

Кандидатот Д-р Александар Јованоски како автор и ко-автор во последните пет години ги објавил следниве книги и научни трудови (дел од нив со Impact factor):

Книги:

- Sharlamanov, Kire and Jovanoski, Aleksandar 2014. *COMMUNICATION IN POLITICAL CAMPAIGNS*, Saarbrűcken Germany: LAP Lambert Academic Publishing

Статии:

- Petkovska, A. Minoski, K. Popovski, M. Jovanoski, A.2012." Some Aspects of the Trust Among Macedonian Citizens Related to Security and Safety Issues" p.458 - 466 in SECURITY AND EUROATLANTIC PERSPECTIVES OF THE BALKANS POLICE SCIENCE AND POLICE PROFESSION (STATES AND PERSPECTIVES) International scientific conference, 25-26 May 2012, Ohrid: Faculty of Security – Skopje ISBN 978-608-4532-27-9
- Popovski, M. Petkovska, A. Minoski, K and Jovanoski, A. 2012. " A. Certain Characteristics of Religious Beliefs and Practices of the Citizens of the Republic of Macedonia" p. 7 – 25 in *The Sociological Review* Vol. XIII No. 2 Skopje: The Association of Sociologists of the Republic of Macedonia and The Department of Sociology – Faculty of Philosophy, UKIM – Skopje.

- Sharlamanov, K. and Jovanoski, A . 2012. “The Multiculturalism in Republic of Macedonia, Observed Through the Perceptions for the Symbols of the Other Ethnic Groups: Framework of the Symbolic Interactionism“ in *International Journal of Humanities and Social Science Vol. 2 No. 23; December 2012* p. 64 – 70.
- Jovanoski, A. and Sharlamanov, K. 2013. “ Political Attitudes of the Citizens of Republic of Macedonia Regarding the Nationality of the Highest State Servants“, in *EUROPEAN INTERNATIONAL JOURNAL OF SCIENCE AND TECHNOLOGY Vol. 2 No. 2* March 2013. p. 101 – 110, ISSN: 2304 – 9693.
- Sharlamanov, K. and Jovanoski, A . 2013 “The Phenomenological Understanding of Social Life“ in *International Journal of Scientific & Engineering Research*, Volume 4, Issue 5, May-2013 p. 1924 – 1930 ISSN 2229-5518

***1.4 IMPACT Factor***

- Sharlamanov, K. and Jovanoski, A . 2013. “The Ethnic Relations in the Macedonian Society Measured Through the Concept of Affective Social Distance“ in *American International Journal of Social Science, Vol. 2 No. 3; May* p. 33 -39.
- Jovanoski, A. 2013. “Multicommunitarianism“ in *Sociology and The Challenges of the Global Age* – International Scientific Conference, Skopje: University of Ss. Cyril and Methodius, Faculty of Philosophy Institute of Sociology, p. 226-238 UDK 316.334.52-021.463
- Jovanoski, A. and Sharlamanov, K. 2013. “Deliberative Democracy and Constitutionalism“, in *International Journal of Scientific and Engineering Research* Vol. 4. Issue 10

***1.4 IMPACT Factor***

- Jovanoski A. and Sarlamanov, K. 2013. “Human Rights and Deliberative Democracy“ in **Researchers World** - *Journal of Arts, Science & Commerce,* Volume IV Issue 4 October 2013 p. 81-86 E-ISSN 2229- 4686, ISSN 2231-4172

***0,479 IMPACT Factor***

- Minoski, K. Jovanoski, A. Popovski, M and Petkovska, A. 2013 “ The Attitudes of Macedonian Citizens Towards Certain Aspects of Democracy and The Processes of European Integration“ p. 412 – 424 in THE BALKANS BETWEEN PAST AND FUTURE: SECURITY, CONFLICT RESOLUTION AND EURO-ATLANTIC INTEGRATION Vol. II International Scientific Conference, 05-08 June 2013, Ohrid : Faculty of Security – Skopje ISBN 978-608-4532-36-1
- Sharlamanov, K. and Jovanoski, A 2014. “Models of Voting“in **Researchers World** – *Journal of Arts, Science & Commerce,* Volume V Issue 1 January 2014 p.16-24 E-ISSN 2229-4686, ISSN 2231-4172

***0,479 IMPACT Factor***

- Sharlamanov, K. and Jovanoski, A. 2014 “ The Similarities and the Differences in the Functioning of the European Right Wing: An Attempt to Integrate European Conservatives and Christian Democrats“ in *International*

*Journal of Scientific & Engineering Research, Volume 5, Issue 2, February* p. 814 – 818 ISSN 2229-5518

***1.4 IMPACT Factor***

- Sharlamanov, K. and Jovanoski, A. 2014. “SPIN IN MODERN POLITICAL CAMPAIGNS“, in Dimitrovski, R. (ed.) *KNOWLEDGE International Journal Scientific and Applicative papers* V 1-2 pp. 850 – 856 ISSN 1857 – 923X

- Јованоски, А и Шарламанов, К. 2014. “КОРИСТЕЊЕТО НА ВЕБ СТРАНИЦИТЕ ВО ФУНКЦИЈА НА ИЗБОРНИТЕ КАМПАЊИ“ во Михајловски, Ј. (ур.) Меѓународен дијалог: Исток – Запад (култура, славјанство и економија) Петта меѓународна научна конференција, Свети Николе (РМ) и Тамбов (РФ): Корпоративен меѓународен славјански универзитет Г. Р. Державин.
- Sharlamanov, K. and Jovanoski, A. 2014. “The Role of Image in Political Campaigns“ in *International Journal of Scientific & Engineering Research, Volume 5, Issue 6, June* p. 599 – 603 ISSN 2229-5518

***1.4 IMPACT Factor***

- Sharlamanov, K. and Jovanoski, A 2014. “Direct Communications in Electoral Campaigns “in **Researchers World** – *Journal of Arts, Science & Commerce*, Volume V Issue 3 January 2014 p.62-71 E-ISSN 2229-4686, ISSN 2231-4172

***0,479 IMPACT Factor***

- Sharlamanov, K and Jovanoski, A. 2014. “ Analysis of Theory of Communicative Action“ in **Language, Individual & Society** - *Journal of International Scientific Publications, Vol. VIII,* August 2014 p. 365 – 371 ISSN 1313-2547.
- Sharlamanov, K and Jovanoski, A. 2014.“ Indirect Communication in the Electoral Campaign“ in *International Journal of Business and Social Science* Vol. 5, No. 9(1); August 2014 pp. 274 – 283

***1.4 IMPACT Factor***

- Sharlamanov, K and Jovanoski, A. 2015. “ COMMUNICATON MANAGEMENT IN THE ELECTORAL CAMPAIGNS “ in International Journal of Scientific & Engineering Research, Volume 6, Issue 9, September, pp. 1068 – 74

***1.4 IMPACT Factor***

- Sharlamanov, K and Jovanoski, A. 2015. “USAGE OF POLITICAL MARKETING IN ORGANIZATION OF POLITICAL CAMPAIGNS “ in International Journal of Scientific & Engineering Research, Volume 6, Issue 11, November, pp. 1350 – 1354.

***1.4 IMPACT Factor***

## IV. Наставно – образовна дејност на кандидатот д-р Александар Јованоски

Д-р Александар Јованоски наставно – образовната дејност ја извршува одговорно и максимално посветено, коректно и професионално се однесува со студентите. Потврда на овие карактеристики на кандидатот се и континуираните високи оценки од студентите, презентирани по извршената универзитетска евалвација, и тоа во поглед на неколку параметри (квалитетна и редовна реализација на настава, посветеност, практикување на интерактивни методи, мотивација на студентите, објективност и непристрасност во оценувањето, достапност и отвореност за консултации и соработка со студентите, предавање и испитување по соодветни предметни програми, итн.) Приложени се и резултатите од анкетата на студентите со средните вредности на нивните одговори 0д 2015 година (каде 1 е најмала а 5 највисока вредност):

1. Наставникот е соодветно подготвен за квалитетна реализација на наставата:
Средна вредност 4,59
2. За време на наставата, наставникот е посветен и предизвикува интерес кај студентите
Средна вредност 4,38
3. Наставникот користи современи методи на наставна работа
Средна вредност 3,94
4. Наставникот ги мотивира и вклучува студентите во наставниот процес:
Средна вредност 4,33
5. Наставникот стимулира дополнителна активност за студентите (изработка на домашна работа, проекти, семинарски трудови, ...)
Средна вредност 4,38
6. Дополнителните активности се во функција на зголемување и проширување на знаењата од предметот
Средна вредност 4,21
7. Наставникот го реализира предвидениот фонд на часови
Средна вредност 4,65
8. Наставникот обезбедува соодветна основна и дополнителна литература
Средна вредност 4,39
9. Наставникот применува современи технологии во реализацијата на наставата (компјутери, софтверска поддршка, информациски бази и др.)
Средна вредност 3,82
10. Личната култура и односот на наставникот се на соодветно ниво:
Средна вредност 4,56
11. Наставникот е отворен и достапен за консултации и соработка со студентите
Средна вредност 4,44
12. Испитните/колоквиумските прашања се во рамките на предметната програма и предвидената основна литература
Средна вредност 4,62
13. Содржината и структурата на испитните/ колоквиумските прашања овозможуваат објективно оценување
14. Оценката е одраз на знаењата и постигнувањата на студентите

Средна вредност 4,56

## V. Заклучок и предлог

Рецензентската комисија со големо внимание ја разгледа и оцени поднесената пријава и приложената документација на кандидатот Доцент д-р Александар Јованоски и констатира дека кандидатот во целост ги исполнува условите и критериумите наведени во Законот за високо образование, Статутот на Универзитетот „Св. Климент Охридски“ – Битола, Правилникот за критериумите и постапка за избор во наставно – научни, наставни, наставно – стручни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Климент Охридски“ – Битола и општите акти на Правниот факултет – Кичево, за избор во наставно – научно звање – вонреден професор во научната област Социјална патологија (51123). Во прилог на тоа е и фактот што тој располага со повеќегодишно наставно – образовно, научно и истражувачко искуство, како ангажиран стручњак од пракса, асистент и доцент на Правниот факултет – Кичево, Универзитет „Св. Климент Охридски“ – Битола. Имајќи предвид дека Доцент д-р Александар Јованоски објавил голем број научни и стручни трудови, партиципирал на меѓународни научни конференции, работел на неколку домашни и меѓународни проекти, бил поканет да биде рецензент на трудови со фактор на влијание, истовремено надградувајќи ги своите знаења, вештини и компетенции, како и неговиот вкупен ангажман во наставно – образовниот процес на прв и втор циклус студии, цениме дека станува збор за мошне солиден научен работник, кој е активен и продуктивен член на академската заедница. Поаѓајќи од погоре наведените мислења, оценки и констатации, а имајќи ја предвид содржината на целокупната наставно – образовна, научно – истражувачка, стручна и апликативна дејност на кандидатот, Рецензентската комисија во состав: Ред. Проф. д-р Пере Аслимоски – претседател, Ред. Проф. д-р Али Пајазити - член и Вон. Проф. д-р Арсе Петрески – член со задоволство на Наставно – научниот совет на Правен факултет – Кичево, Универзитет „Св. Климент Охридски –Битола“да го прифати овој Извештај и да го избере Доцент д-р Александар Јованоски за наставник во наставно – научно звање Вонреден Професор во научната област **Социјална патологија** (51123).

Рецензентска Комисија:

1. Проф. д-р Пере Аслимоски, редовен професор, с.р.

2. Проф. д-р Али Пајазити, редовен професор, с.р.

3. Проф. д-р Арсе Петрески, вонреден професор, с.р.